# Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје

| | |
|---|---|
| Отворен инвестициски фонд<br>КБ Публикум – Балансиран | Датум<br>30.9.2022 |

## Клучни Информации за Инвеститори

Овој документ содржи клучни информации за инвеститорите во овој фонд. Ова не претставува рекламен материјал. Информациите содржани во овој документ се пропишани со Закон и подзаконски акти со цел да им помогнат на инвеститорите при разбирањето на природата на овој фонд и ризиците поврзани со инвестирањето во него. Наш совет е внимателно да го прочитате за да можете да донесете информирана одлука за потенцијалното инвестирање.

## Назив и Седиште на Инвестицискиот Фонд и Друштвото за Управување

| | |
|---|---|
| Отворен инвестициски фонд КБ Публикум – Балансиран<br>Идентификациски број на фондот:<br>9120000000149 | Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје<br>Кирил и Методиј 50, Скопје, Р. Македонија |

Фондот е одобрен во Република Северна Македонија и го регулира Комисијата за хартии од вредност. Фондот е одобрен со Решение на КХВ број 07-591/4 од 15.04.2009 година. Искажаните информации за инвеститорите се точни на ден 30.9.2022 година.

## Цели и Инвестициска Политика

Фондот по својата структура и карактеристики претставува спој на вложувања во акции и обврзници. Наменет е за инвеститори кои сакаат да ја искористат можноста за остварување повисок принос преку делот инвестиран во акции, но истовремено и да обезбедат стабилност и сигурност на вложените средства во фондот преку вложувањата во обврзници. Во делот на акциите, Друштвото ќе применува активна стратегија без однапред дефинирани критериуми како „вредност", „раст" или „високи дивиденди".
Друштвото ќе ги инвестира средствата на Фондот во следните инструменти:

- Класа А (мин. 35% - макс. 65%) вложувања во акции на издавачи од Република Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, Украина, Руската Федерација, Бразил, Индија, Кина, ЕУ и ОЕЦД;
- Класа Б (мин. 35% - макс. 65%) вложувања во краткорочни и долгорочни должнички хартии од вредност на издавачи од Република Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, ЕУ и ОЕЦД;
  Вложувањата во должнички хартии од вредност издадени од РСМ, земји членки на ЕУ и ОЕЦД може да надминат 35% од имотот на фондот;
- Класа В (мин. 0% - макс. 30%) вложувања во депозити кај овластени банки од РСМ со рок на доспевање пократок од една година и Инструменти на пазарот на пари кои се тргуваат на организирани пазари, издадени од издавачи од РСМ, држави членки на ЕУ и ОЕЦД; и
- Класа Г (мин. 0% - макс. 10%) вложувања во инвестициски фондови кои претежно инвестираат во акции и должнички хартии од вредност на издавачи од земјите од Југоисточна Европа, Украина, Европската Унија, ОЕЦД, Бразил, Кина, Индија, САД и Руска Федерација под услов да не наплатуваат трошоци за управување повисоки од 2,5% од НАВ на фондот.

Приходите од инструментите во кои се вложени средствата на Фондот, како што се капиталните добивки, позитивните курсни разлики, дивиденди и каматни приходи, нема да се исплатуваат, туку автоматски ќе се реинвестираат со цел да се зголеми цената на уделите во Фондот. Инвестициската стратегија на Фондот и изборот на финансиски инструменти сугерира вложување на среден рок со однапред дефиниран период на инвестирање, односно овој фонд не е подобен за инвеститори кои планираат да ги повлечат своите средства во период пократок од 2 години.

## Профил на Ризичност и Успешност

Индикаторот на синтетичкиот ризик упатува на умерено ниво на ризик што е пониско од вообичаено и се должи пред се на депозитите и инструментите со фиксен доход како и ниската волатилност на вложувањата во сопственички хартии од вредност од домашни издавачи.

| Низок ризик | | | | | | Висок ризик |
|---|---|---|---|---|---|---|
| <Понизок принос | | | | | | Повисок принос> |
| 1 | 2 | 3 | **4** | 5 | 6 | 7 |

Следните ризици можат да имаат значајно влијание на приносот:

- Кредитен ризик – ризик дека издавачот нема да биде во можност навремено и/или во целост да ги подмири своите обврски;
- Ликвидносен ризик – ризик дека Фондот ќе има потешкотии да обезбеди средства за подмирување на обврските при повлекување на удели поради неможност за брза продажба на имотот по цена која одговара на фер вредноста на истиот;
- Ризик од друга договорна страна – ризик дека субјектот со кој Друштвото, во име и за сметка на Фондот, склучува трансакции на финансиските пазари нема да биде во можност навремено и/или во целост да ги подмири своите обврски.

Паричните средства за откупени удели се исплаќаат на трансакциска сметка на инвеститорот по примено Барање за откуп на удели до 14:00 часот во работниот ден за исплата следниот работен ден. Цените за продажба на нови удели или откуп на постојните се пресметуваат секој работен ден до 16:00 часот и се објавуваат на интернет страницата на Друштвото. Историските податоци кои се користат за пресметка на синтетичкиот индикатор не треба да се сметаат за сигурен показател за идниот профил на ризичност на Фондот. Категоријата на профил на ризичност и успешност не е гаранција дека истите ќе останат непроменети, односно категоризацијата на Фондот може да се промени со тек на време. Најниската категорија не значи дека инвестирањето е без ризик.

## Трошоци

*Еднократни трошоци кои настануваат пред или по вашето вложување*

| | |
|---|---|
| **Влезни трошоци** | 5% |
| **Излезни трошоци** | 1% |

Влезните и излезните трошоци секогаш се искажуваат во највисок износ, односно во определени ситуации инвеститорот може да плати помал износ. Влезниот трошок зависи од видот на уплата (еднократна/план или програмирани уплати), како и износот на средства кој е наведен во Барањето за купување удели. Излезниот трошок е предвиден и зависи од висината на средства кои се

повлекуваат. Излезниот трошок не се наплатува доколку е измината една година од моментот на вложување.

| | |
|---|---|
| *Трошоци на фондот во текот на годината* | |
| **Тековни трошоци** | 1,88% |
| *Трошоци од фондот во одредени посебни околности* | |
| **Провизии од работењето** | Нема |

Инвеститорот може да ја дознае реалната висина на влезните и излезните надоместоци кај инвестицискиот советник или инвестициски агент. Трошоците кои се на товар на инвеститорот се користат за намирување на трошоците за секојдневното работење на Фондот, вклучувајќи ги и трошоците за маркетинг и дистрибуција и овие трошоци можат да го намалат потенцијалниот раст на вложувањата. Подетални информации за трошоците, вклучувајќи ги и надоместоците поврзани со работењето и начинот на нивната пресметка се достапни во Дел I) точка 6 од Проспектот на Фондот.

## Историски Приноси







Фондот е основан на 22.9.2009 година со почетна цена на удел од 100 денари. Минимален износ на вложување е 1.000 денари. Приносите се пресметани во домашна валута. Цената на уделот е прикажан на нето основа, по пресметка на сите трошоци и надоместоци. Податоците за остварената добивка во % се прикажани за цела календарска година. Приносот во минатото има информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина. Податоците за сите категории се изразени како % од НАВ.

| **10 најголеми вложувања** | | **Валутна изложеност** | | **Класи на имот** | |
|---|---|---|---|---|---|
| MACEDO 1,625 | 7,68% | ЕУР | 57,29% | Акции | 50,25% |
| Гранит АД Скопје | 6,85% | МКД | 27,03% | Обврзници | 40,67% |
| MACEDO 5,625 | 6,19% | УСД | 14,60% | Депозити | 7,04% |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 5,30% | ХКД | 1,34% | Парична сметка | 1,46% |
| MACEDO 2 ¾ | 5,22% | | | Удели во фонд | 0,77% |
| Депозит, Капитал Банка АД Скопје | 4,19% | | | Побарувања | 0,06% |
| TURKEY 5,2 | 3,94% | | | | |
| Krka d.d. | 3,63% | | | | |
| Депозит, Стопанска Банка АД Битола | 2,85% | | | | |
| NLB Ljubljana d.d. | 2,77% | **Секторска изложеност** | | | |
| **Географска изложеност** | | Банкарство | | | 31,54% |
| Македонија | 50,77% | Држава | | | 29,80% |
| ЕУ | 24,05% | Базични матерјали | | | 8,03% |
| САД | 11,42% | Компјутерска технологија | | | 6,97% |
| Турција | 4,94% | Градежништво | | | 6,85% |
| Кина | 1,87% | Фармација | | | 5,87% |

## Останати Податоци

| | | | |
|---|---|---|---|
| Нето вредност на имотот | 596.689.935,51 МКД | Просечен месечен принос (последни 12м.) | -1,2683% |
| Цена на удел | 162,9140 МКД | Просечен месечен принос (последни 24м.) | -0,0355% |
| Принос од основање | 62,91% | Просечен месечен принос (последни 60м.) | 0,1593% |
| Стандардна девијација | 7,4427% | | |

## Практични Информации

Депозитарна банка на Фондот е Комерцијална банка АД Скопје.

Дополнителни информации за Фондот, бесплатен примерок од проспектот и последниот полугодишен и годишен извештај, објавени на македонски јазик, како и останатите практични информации, вклучувајќи и информации за најновите цени на удели, може да се добијат во седиштето на Друштвото или да се преземат од неговата интернет страница.

Даночната регулатива може да влијае на личната даночна позиција на инвеститорите.

КБ Публикум инвест АД Скопје одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во документот со клучни информации и може да се смета за одговорно само доколку некои делови од документот доведуваат во заблуда, се неточни или не се во согласност со Проспектот на Фондот.